| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место за Стопански комплекс за откуп,складирање,преработка и дистрибуција на земјоделски производи на м.в.Гладно поле ,КО Градошорци-вон град и КО Василево-вон град општина Василево |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Градоначалник |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Иван Арсовски, диа |
| Назив на работното место | Планер |
| Контакт податоци за лицето | i.arsovski@app.gov.mk |

**Основни податоци за планскиот документ**

Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)

Измена и дополнување на УПВНМ за изградба на стопански комплекс за откуп, складирање, преработка и дистрибуција на земјоделски производи на м.в Гладно Поле, КО Градашорци, Општина Василево е изработен согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план надвор од населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистички-плански документации и архитектонско-урбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл. Весник на РМ бр. 142/15).

Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?

Да X
Не

Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?

За просторот во рамките на планскиот опфат постои изработен УПВНМ за изградба на стопански комплекс за откуп, скалдирање, преработка и дистрибуција на земјоделски производи на м.в. Гладо Поле, КО Градашорци, општина Василево донесен со Одлука бр. 07-2220/1 од 13.11.2013г во кој се планирани следниве намени:

1. Г – Производство, дистрибуција и сервиси
2. Д – Зеленило и рекреација

Во рамките на планскиот опфат за Измена и дополнување на УПВНМ за изградба на стопански комплекс за откуп, складирање, преработка и дистрибуција на земјоделски производи на м.в Гладно Поле, КО Градашорци, Општина Василево се планира развој со предвидување на градежни парцели според следните класи на намени:

1. Г – Производство, дистрибуција и сервиси
2. Д – Зеленило и рекреација
3. Е – Инфраструктура

Како и непарцелирано градежно земјиште, односно површина под секундарна сообраќајна инфраструктура.

Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.

ДА – просторно и урбанистичко планирање.

Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |

Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.

Не.

Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.

Не.

Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.

Целта на изработка на урбанистичка документација е да се создадат услови за планирање на организирани простори за градби кој ќе бидат реализирани и ќе преставуваат нов развоен

циклус.Документацискатa основа има крајна цел да ги утврди параметрите врз кој се работи Урбанистичкиот план вон населено место. Овој план е со опфат од 6,6859ха. Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна и функционална фаза нема да претставува значителен товар врз животната средина.

**Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Планирање на просторот.

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

2022 година.

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

/

Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)

Планскиот опфат се предвидува во рамките на дел од КП бр.1714,дел од КП бр.386/1, КП бр.386/3, КП бр.386/2 и КП бр.386/4 КО Градошорци вон град и КП бр.1834 КО Василево вон град,општина Василево.

Границата на планскиот опфат е затворена линија со испрекршена, а од север према исток граничи со следните парцели:

- На Север: минува низ КП бр. 1714
- На Исток: на дел тангира и на дел минвува низ КП бр. 386/1 и тангира на источната и јужната граница на КП бр. 386/3
- На Југ: тангира по јужната граница на КП бр. 386/1 и
- На Запад: на дел тангира и на дел минува низ КП бр. 1834.






| |
|---|
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да √<br>Не |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да<br>Не √ |

| | |
|---|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
| Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на овој проект, може да се разгледуваат од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата; | При реализација на урбанистичкиот проект вон опфат се очекува движење на возила и механизација, но тоа е краткотрајно и нема битно да влијае врз животната средина во целост. Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи, пожари и хаварии. |

| | |
|---|---|
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Според Пописот спроведен во 2021 година во општина Василево регистрирани се 10.552 жители. |

**Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:**

Позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот.

**Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**
Областа со реализација на урбанистичкиот план вон населено место ќе добие зголемена вредност. Планскиот концепт е поставен врз основа на анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој и Планската програма. Планскиот концепт е во директна зависност од создадените и природните фактори, композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е принципот врз кој се базира планскиот концепт. Истиот е условен и од мерките за заштита и спасување.

| | |
|---|---|
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Во границите на опфатот на планот не постои регистрирано културно наследство, ниту објекти за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.<br>Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл. Весни на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19). |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Во урбанистичкиот план вон населено место при инвентаризација на содржините и функциите евидентирани се вкупно 4 објекти. |

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС ЗА ОТКУП, СКЛАДИРАЊЕ, ПРЕРАБОТКА И ДИСТРИБУЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ НА м.в. ГЛАДНО ПОЛЕ, КО ГРАДОШОРЦИ И КО ВАСИЛЕВО, ОПШТИНА ВАСИЛЕВО
(ПОСТОЈНА СОСТОЈБА)

| НАМЕНА | ПОВРШИНА ($m^2$) | % |
|---|---|---|
| ГРАДЕЖНО НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | 64.624 | 96,66 |
| Б4 - ДЕЛОВНИ НАМЕНИ | 186 | 0,28 |
| Г4 - СТОВАРИШТА | 577 | 0,86 |
| Е1 (КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА - СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ И СТАЦИОНАРЕН СООБРАЌАЈ) | 960 | 1,44 |
| Е2 (КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА - ТРАФОСТАНИЦА) | 74 | 0,11 |
| ЗЕМЈЕН ПАТ | 438 | 0,65 |
| ВКУПНО: | 66.859 | 100,00 |

| | |
|---|---|
| Влијанијата врз областите или | Просторот нема посебни пејсажни вредности. |

| | |
|---|---|
| пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | |
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**<br>Со донесувањето на урбанистичкиот план вон населено место ќе следат и поголеми странски и домашни инвестиции од различни сфери од економијата. Со овој проект се создаваат предуслови за развој на локалната економија и ефектуирање на даночната обврска на сопствениците за плаќање данок на имот што претставува значаен извор на приход на локалната самоуправа.<br>Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности. | |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br>Во близина на урбанистичкиот план вон населено место нема резиденцијални објекти. | |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**<br>Имплементацијата на планските содржини предвидени со урбанистичкиот план вон населено место со контролирани емисии во медиумите од животната средина ќе допринесе за стопански развој во општина Василево, од аспект на приходи од комунални такси и даноци, зголемено вработување и намалување на невработеноста и сл.<br>Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:<br>- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;<br>- Допринос во локалната и национална економија. | |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**<br>Неправилно управување со отпадот, неправилно постапување со отпадните води може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот. Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен развој при истовремена заштита на животната средина. | |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br>Овој план е поврзан со:<br>• Просторен план на РМ;<br>• Стратегија за управување со води во РМ 2008-2020;<br>• Национален план за управување со отпад;<br>• Национална стратегија за економски развој на РМ 1998;<br>• Национална стратегија за одржлив развој; | |

| |
|---|
| • Втор национален еколошки акционен план на РМ;<br>• Стратегија за демографски развој на РМ;<br>• Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;<br>• Стратегија за мониторинг на животната средина. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br>Нема спроведено стратегиска оцена на заштита на животна средина. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br>Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроводување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот. |

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник<br>Славе Андонов |
| Бр. 10-1264/3<br>Датум: 17.08.2022 година<br>Место: општина Василево | М.П. |